Врз основа на член 55 став (1) со Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), член 41 – в став 2 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија" бр.42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20) и член 199 став (4) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ИЗБОР И ПОДГОТОВКА НА ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И ВРАБОТЕНИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, ЗА УПАТУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТИ ВО КОМАНДНИТЕ СТРУКТУРИ НА НАТО, ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА НА РЕПУБЛИКАТА, КОМАНДИ, ШТАБОВИ И ВОЕНИ ЕДИНИЦИ НА МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ НАДВОР ОД ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА И НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКАТА

## Член 1

Во Правилникот за начинот на избор и подготовка на воен и цивилен персонал на Армијата на Република Северна Македонија и вработените во Министерството за одбрана, за упатување на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации надвор од територијата на Републиката и на територијата на Републиката бр. 01-1539/1 од 11.03.2021 година, во членот 4 се додаваат два нови става 1 и 2, кои гласат:

„Мандатот на лицата упатени на должност во Постојаната делегација на Република Северна Македонија при НАТО и дипломатските претставништва на Републиката е во траење од четири години".

„Мандатот на лицата упатени на должност во командните структури на НАТО, команди штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката е во траење од три години".

Ставовите 1, 2 и 3 од членот 4 стануваат ставови 3, 4 и 5.

## Член 2

Во член 6, став 1 алинеа 9 се менува и гласи:

„активно да го познава англискиот јазик и истото да го докаже со соодветен сертификат во моментот на аплицирање, а лицата кои не поседуваат валиден СТАНАГ 6001 сертификат, ќе се упатат на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард. За должностите за кои не е потребно познавање на англиски јазик согласно СТАНАГ 6001, да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати за познавање на англиски јазик: СТАНАГ 6001, ЦАЕ (CAE), ИЕЛТС (IELTS), ТОЕФЕЛ (TOEFL), ТОЕФЕЛ ЦБТ (TOEFL CBT), ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) или друг меѓународно признат сертификат за познавање на англискиот јазик издаден од европски или глобален јазичен тестатор, со ниво на познавање еквивалентно

на Ц1 (C1) ниво на ЦЕФР (CEFR).“

Член 3

Во членот 9 став 3 се менува и гласи:
„Комисијата за административна селекција ги разгледува пријавите и доставените документи од кандидатите, документите од досиеата на пријавените кандидати, а врз основа на барање доставено од претседателот на Комисијата до организационите единици на Министерството и Генералштабот надлежни за управување со човечки ресурси.“

Член 4

Во членот 10 став 1 се менува и гласи:
„Комисијата за интервју и рангирање е составена од Државниот секретар и раководителите на организационите единици за меѓународна соработка, човечки ресурси и секција за персонал на Генералштабот на Армијата, а во нивно отсуство од нивните помошници, односно заменици, одредени со решение на министерот за одбрана. Членовите на Комисијата за интервју и рангирање, вршат интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите поставени во Интерниот оглас. Секој член на Комисијата за интервју и рангирање и анонимно ги оценува кандидатите, за што дава писмено образложение за рангираните кандидати.

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:
„Комисијата за интервју и рангирање ги упатува кандидатите кои поминале административна селекција, а кои не поседуваат валиден сертификат за познавање на англиски јазик STANAG 6001, на тестирање заради проверка на степенот на познавање на англискиот јазик според наведениот стандард.“

Ставовите 3, 4, 5 и 6 стануваат ставови 4, 5, 6 и 7

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр. 01-4604/1
05-07-2021 2021 год
Скопје

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска - Јанковска